**Скопје, 01.10.2020 година**

# С О О П Ш Т Е Н И Е

**за важност на извештај од лекар специјалист/субспецијалист, отпусно писмо и конзилијарно мислење**

Од страна на Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување, за време на изречената мерка за спречување на ширењето и сузбивање на заразата од Covid–19 (Коронавирус), се донесени одредени мерки и активности во делот на работењето на здравствените установи кои имаат склучено договор со Фондот.

Овие мерки и активности го опфаќаат спроведувањето на првото на осигурените лица на основни здравствени услуги согласно Законот за здравствено осигурување, што зависи од редовното работење на здравствените установи од: примарната, специјалистичко-консултативната и болничката здравствена заштита.

Во услови на постоење на зараза од Covid–19 (Коронавирус), здравствениот систем не функционира на редовен начин и со полн капацитет, поради што осигурените лица не можат секогаш да дојдат до потребен слободен термин за извршување на потребната здравствена услуга, преку електронскиот систем.

Поради ова, при остварување на следните права: продолжување на боледување, **продолжување на хронична терапија** и издавање на ортопедски помагала, како дополнителна мерка од страна на Фондот се презема продолжување на рокот на важноста на последно издадените: извештаи од лекар специјалист/субспецијалист, отпусни писма и конзилијарни мислења, што ќе се врши на следниот начин:

- ✓ Од **01.10.2020 година** со важност ќе бидат извештаите од лекар специјалист/субспецијалист, отпусните писма и конзилијарните мислења, со датум не постар од **01.03.2019 година**. Тоа значи дека осигурените лица за остварување на горенаведените права ќе биде потребно да ги обноват соодветните извештаи од лекар специјалист/субспецијалист и конзилијарни мислења. За отпусните писма постари од 01.03.2019 година, за остварување на горенаведените права, ќе биде потребно да се достават соодветни извештаи од лекар специјалист/субспецијалист и конзилијарни мислења.
- ✓ Од **01.11.2020 година** со важност ќе бидат извештаите од лекар специјалист/субспецијалист, отпусните писма и конзилијарните мислења, со датум не постар од **01.06.2019 година**. Тоа значи дека осигурените лица за остварување на горенаведените права ќе биде потребно да ги обноват соодветните извештаи од лекар специјалист/субспецијалист и конзилијарни мислења. За отпусните писма постари од 01.06.2019 година, за остварување на горенаведените права, ќе биде потребно да се достават соодветни извештаи од лекар специјалист/субспецијалист и конзилијарни мислења.

- ✓ Од **01.12.2020 година** со важност ќе бидат извештаите од лекар специјалист/субспецијалист, отпусните писма и конзилијарните мислења, со датум не постар од **01.09.2019 година**. Тоа значи дека осигурените лица за остварување на горенаведените права ќе биде потребно да ги обноват соодветните извештаи од лекар специјалист/субспецијалист и конзилијарни мислења. За отпусните писма постари од 01.09.2019 година, за остварување на горенаведените права, ќе биде потребно да се доставаат соодветни извештаи од лекар специјалист/субспецијалист и конзилијарни мислења.

Извештаите од лекар специјалист/субспецијалист и конзилијарните мислења, може да се обезбедат и по извршена е-консултација преку е-амбуланта во системот на Мој термин.